РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

# Јавен повик за давање на користење јавна површина за организирање на панаѓур

Општина Виница распишува јавен повик за користење на јавна површина за организирање на панаѓур.

Панаѓур ќе се организира на ден 12 и 13 јули 2017 година.

Како површина на која може да се организира панаѓур во град Виница е определен јавниот простор(површина) во близина на Здравниот дом Виница, со вкупна површина од 2000 м2.

Правото на користење на јавната површина за организирање на панаѓур ќе се додели по принципот прв дојден - прв услужен.

За да биде одбран за организатор на панаѓур, заинтересираниот кандидат не смее да има заостанати обврски спрема Општината Виница (данок и комунални такси).

На организаторот на панаѓур, Општината Виница ќе му издаде решение во кое ќе биде утврдена површината на која ќе се одржува панаѓурот, висината на надоместокот за користење на јавната површина, начинот на плаќање и начинот на користење на јавната површина.

Организаторот е должен пред добивање на решението, до Општина Виница да достави доказ за платена комунална такса во спротивно го губи правото на користење на јавната површина.

Заинтересираните субјекти за оранизирање на панаѓур треба да достават пријава до Општината Виница во која ќе наведат кој термин и која површина се заинтересирани да ја користат.

Јавниот повик ќе се објави на веб страницата на Општина Виница и на Огласна табла на Општина Виница.

Пријавите се понесуваат во рок од 10 (десет) дена од објавувањето на јавниот повик.

Јавниот повик трае од денот на објавувањето 26.04.2017 година до 05.05.2017 година.

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
дипл.екк Емил Дончев